РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
СКОПЈЕ

Врз основа на член 66 став 6 од Деловникот на Државната изборна комисија, број 01-1322/1 од 06.07.2017 година и член 31 став (2) точка 2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), Државната изборна комисија на седницата одржана на 19 август 2017 година го донесе следното

# УПАТСТВО
## за спроведување на јавен увид во Избирачкиот список и за собирање на потписи за листи на кандидати предложени од група избирачи за Локалните избори кои ќе се одржат на 15.10.2017 година

### ЈАВЕН УВИД

**Член 1**

Јавниот увид во Избирачкиот список започнува на 21 август 2017 година и трае до 09 септември 2017 година.

**Член 2**

Јавниот увид во Избирачкиот список се спроведува во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија и во дополнително отворените канцеларии во единиците на локалната самоуправа, во време од 08:30 до 19:00 часот, вклучувајќи ги и деновите од викенд и празници. Последниот ден од јавниот увид, 09 септември 2017 година, се работи до 24:00 часот.

**Член 3**

Јавниот увид се спроведува на Избирачкиот список со состојба на податоците на граѓаните и тоа:

- Граѓани со наполнети 18 години живот со важечка лична карта или пасош на денот на гласањето (15 октомври 2017 година),
- Умрени лица 30 дена пред распишувањето на изборите (06 јули 2017 година) и
- Другите податоци од Избирачкиот список на денот на распишувањето на изборите (06 август 2017 година).

**Член 4**

Увид во Избирачкиот список може да направи секој државјанин на Република Македонија лично со приложување на важечка лична карта или важечки пасош.

**Член 5**

При увидот во Избирачкиот список граѓаните можат во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија да поднесат барања за запишување, дополнување или бришење на податоците во Избирачкиот список на посебни обрасци ако:

- тој или некој друг граѓанин не е запишан во Избирачкиот список,

- е запишано лице кое нема избирачко право или нема живеалиште на подрачјето на општината или лице кое е починато и
- личното име и адресата на лицето или личното име и адресата на друго лице се неправилно запишани.

**Член 6**

При поднесувањата на барањата за промена на податоците во Избирачкиот список, граѓаните се должни да приложат на увид соодветни докази и тоа:

а) **кон барањето за запишување во Избирачкиот список лично**: важечка лична карта или важечки пасош со адресни податоци во Република Македонија,

б) **кон барањето за бришење на податоци од Избирачкиот список, блиски членови на семејството** во зависност од основот/причината за бришење: извештај за смрт или извод од матична книга на умрени, решение за отпуст од македонско државјанство донесено од страна на Министерството за внатрешни работи или решение за одземена деловна способност донесено од страна на надлежен Основен суд.

в) **кон барањето за дополнување/промена на податоците во Избирачкиот список, лично** : важечка лична карта или важечки пасош со адресни податоци во Република Македонија,

**Член 7**

Врз основа на поднесените барања за промена на податоците во Избирачкиот список, поднесени од страна на граѓаните, подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија во рок од 24 часа донесуваат решение за запишување, дополнување / промена или бришење на податоците од Избирачкиот список.

**Член 8**

По донесувањето на решението за промена на податоците во Избирачкиот список, подрачното одделение и канцеларија на Државната изборна комисија до која е поднесено барањето, новите податоци тековно ги доставува до Секторот за избирачки список на следните обрасци:

- Образец ИС 1 – за запишување во Избирачкиот список,
- Образец ИС 2 – за бришење од Избирачкиот список и
- Образец ИС 3 – за дополнување или промена на податоците во Избирачкиот список.

## ЈАВЕН УВИД НА ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ

**Член 9**

Во текот на Јавниот увид во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија можат да се проверат / пријават и граѓаните :

- чие живеалиште е поништено од страна на Министерството за внатрешни работи по спроведена управна постапка.

При спроведувањето на увидот на податоците во Избирачкиот список, доколку лицето не се наоѓа во истиот, подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија се должни да проверат во евиденцијата за лица на кои им е поништено живеалиштето дали лицето се наоѓа во категоријата на граѓани наведени во став 1 од овој член..

Доколку при проверката на податоците во Избирачкиот список се констатира дека лицето не е во Избирачкиот список поради тоа што на истото му е поништено живеалиштето, потребно е подрачните одделенија и канцеларии да го информираат ова лице за наведеното и да го упатат во Министерството за внатрешни работи за да го регулира прашањето во врска со поништеното живеалиште.

Доколку овие лица во периодот на спроведувањето на Јавниот увид го регулираат статусот на живеалиштето пред Министерството за внатрешни работи, истите имаат право повторно да се јават на јавен увид во подрачните одделенија и канцеларии и да поднесат барање за запишување во Избирачкиот список со нов личен документ.

**Член 10**

За време на одржувањето на Јавниот увид, подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија се должни да водат евиденција за вкупниот број на лица кои :

- побарале јавен увид во Избирачкиот список и
- поднеле барања за запишување, бришење и дополнување / промена на податоци во Избирачкиот список
- побарале јавен увид, а се наоѓаат во категоријата на лица со поништено живеалиште.

**СОБИРАЊЕ НА ПОТПИСИ ЗА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ ПРЕДЛОЖЕНИ ОД ГРУПА ИЗБИРАЧИ**

**Член 11**

Собирањето на потписи за листи на кандидати предложени од група избирачи, започнува на 21 август 2017 година и трае до 04 септември 2017 година.

**Член 12**

Собирањето на потписи за листи на кандидати предложени од група избирачи се спроведува во подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија и дополнително отворените канцеларии во единиците на локалната самоуправа, во време од 08:30 до 19:00 часот, вклучувајќи ги и деновите од викенд и празници, на посебен образец утврден од страна на Државната изборна комисија.

Последниот ден од собирањето на потписи, 04 септември 2017 година, се работи до 24:00 часот

**Член 13**

Потпис за листи на кандидати предложени од група избирачи, може да даде секој граѓанин кој е запишан во Избирачкиот список во соодветната општина, лично со приложување на увид важечка лична карта или важечки пасош.

При тоа граѓанинот може да го даде својот потпис за повеќе листи на кандидати, но само еднаш за иста листа.

**Член 14**

Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за спроведување на јавен увид во Избирачкиот список за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија на 11 декември 2016 година, број 08-2802/1 од 30.10.2016 година.

**Бр. 08-1636/1**
**18.08. 2017 година**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**